РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-269/2
29-05-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) 18-тата седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси заведена под број 09-269/1 од 16.01.2025 година, против -----------, поранешен градоначалник на општина -----, СЕ ОТФРЛА.
ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај , бидејќи е настаната промена на фактичка состојба, лицето ---------, повеќе не ја извршува функцијата градоначалник на општина ----------, односно не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот Закон.
Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-269/1 од 16.01.2024 година, е оформен врз основа на пријава од анонимен подносител преку електронска пошта, во која се изнесуваат наводи за постоење судир на интереси.

Имено, во пријавата се наведува дека лицето ------------, поранешен градоначалник на општина -------во период на неговиот мандат од 2017 година до 2021 година го вработило лицето ----------- (или ----------) како шофер во општината.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија направи увид во Историјатот на промени на општина ----------во Централниот регистар на РСМ, по што утврди дека, лицето ------------ со Уверение за избран градоначалник на оваа општина со бр. 10-88/1 од 01.11.2017 година издадено од Општинска изборна комисија -----------, ја вршел функцијата градоначалник се до изборот на нов градоначалник со Уверение бр. 11-253/1 од 04.11.2021 година.

Со член 2 став 3 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси е дефиниран судирот на интереси и тоа:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која **службеното лице** има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."

Согласно член 8 став 2 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.".

Одредбите од Глава седум од истиот закон кои се однесуваат на спречување на судир на интереси, постапување во случај на судир на интереси, како и постапката пред Државната комисија за утврдување на судир на интереси се применливи само во случај кога со пријавата доставена до Државната комисија е опфатено службено лице во смисла на горе цитираниот член 8 став 2 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Согласно наведеното, лицето --------- повеќе не ја извршува функцијата градоначалник на општина -------, после изборот на нов градоначалник од 04.11.2021 година, по што не е службено лице согласно наведените одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси против кого би можело да се поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот Закон.

Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ" бр. 96/2019 и 253/2023), прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот, односно Државната комисија не може да поведе постапка за испитување на постоење судир на интереси во овој случај бидејќи се поминати повеќе од две години од вршењето на функцијата градоначалник на општина -------- од страна на лицето --------, а во пријавата е наведено дека истиот вработил блиско лице во општината додека ја вршел таа функција.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 21.05.2025 година одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**М-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk